# З А П И С Н И К

од петтата седница на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, одржана на 11.7.2023 г., во Салата за одржување седници на Општина Гевгелија, со почеток во 15:00 часот. Присутни: Кристијан Алчинов, Памела Петровска, Марија Јовановска и Георги Петков.

Седницата ја отвори и со неа заседаваше Кристијан Алчинов, претседателот на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија. По констатирањето дека се присутни мнозинство членови и има кворум за работа, претседавачот го прочита Предлог-Дневниот ред за работа на седницата:

1. Избор на записничар;
2. Усвојување на записник од четвртата седница на Локален младински совет на Општина Гевгелија;
3. Полугодишен финансиски извештај по Програма за работа на Локален младински совет на Општина Гевгелија,
4. Подготовки за отворање младинска канцеларија,
5. Вклучување на Локален младински совет во социјално мапирање за лица со посебни потреби над 15 години- волонтерство за анкетирање,
6. Активности за младинско вмрежување,
7. Разно.

Претседавачот Кристијан Алчинов отвори расправа по дневниот ред. За збор се јави Георги Петков, кој праша дали заменик-претседателот на ЛМС на ОГ, Тијана Ристовска има најавено отуство за 5. седница. Бидејќи немаше забелешки по дневниот ред, со 4 гласа за истиот беше едногласно усвоен. По што се премина на работа по првата точка. За записничар на оваа седница со три гласа за беше одредена Марија Јовановска.

По изборот на записничар, беше отворена расправа по втората точка. Бидејќи никој не се јави за дискусија и со никакви забелешки, записникот од четвртата седница одржана на 23.12.2022 година беше ставен на гласање и со 4 гласа за усвоен.

По што се премина кон работа за третата точка. Претседателот отвори расправа. Од страна на присутните беше констатирано дека согласно доставениот извештај за извршување на буџетот по Програмата за работа на Локалниот младински совет за 2023 година од вкупно 264.000 денари финансиски средства се потрошени 159.249 денари.

Откако беше исцрпена дискусијата по 3 точка, претседателот отвори расправа по однос на 4 точка. За збор се јави Памела Петровска за информација дали е се набавено од потребниот канцелариски мебел и материјал за профункционирање на канцеларијата. Од страна на службеникот за млади, сите членови беа информирани дека канцелариският материјал е набавен, а мебелот се очекува да биде испорачан на 20 / 21 јули. Во расправата се вклучи и Георге Петков со дискусија за доделувањето просторија во Народен театар- Гевгелија и писмена согласност од ЈОУ Дом на култура „Македонија"- Гевгелија за отстапување, имајќи предвид дека објектот е даден на користење во рок од 10 години со Одлука на Совет на Општина Гевгелија.

Членовите донесоа едногласен заклучок по подготовките на канцеларијата, истата да биде отворена најдоцна до 4 август, а за официјалниот настан да биде задолжен Георге Петков во координација со останатите членови на ЛМС онлајн и со физичко присуство. Како и да биде изготвен Протокол за управување со Канцеларијата за млади, за којашто подготовка се задолжуваат Кристијан Алчинов и Марија Јовановска во координација со службеникот за млади.

По затворањето на расправата за 4. точка, се премина на работа по 5. точка. По отворениот претрес, за збор се јави службеникот за млади, кој ги информираше членовите дека Општина Гевгелија во соработка со ЈУМЦСР- Гевгелија, Заедницата на инвалидски организации- Гевгелија, Националната алијанса на лица со посебни потреби- Гевгелија и Фондациите „Ице Бегов“- Скопје и „Аполонија“- Гевгелија започнаа активности за социјалното мапирање, конкретно - за потребите на лицата со попреченост над 15 години. Бидејќи во Програмата за работа на ЛМС на ОГ за 2023 година беа предвидени квартални состаноци со лицата со попреченост, службеникот за млади даде предлог кон оваа активност да се приклучат и членовите, со што буџетот предвиден за активноста по Програмата ќе се искористи токму за таа намена. Бидејќи, Тијана Ристовска, која беше задолжена за организација на квартралните состаноци со лицата со попреченост, не беше присутна на 5. седница, членовите донесоа заклучок предлогот да биде ставен на дневен ред на следната седница.

Локалниот младински совет на ОГ продолжи со работа по 6. точка. За истата, стана збор за следните активности предвидени со Програмата за работа на ЛМС, односно во областа на спортот и културата. Со заклучоци да биде одржан еден музички концерт од хуманитарен карактер по иницијатива на локални музичари. А, што се однесува на спортскиот настан, да биде одржан на крајот на август, со цел се одбележи 12 Август- Денот на младите. Додека, активностите предвидени за младинско информирање- финансиска едукација на млади за рационално управување со личните финансии, да биде одржана во септември и за нејзиното спроведување да биде одговорен Георги Петков.

По 7. точка, се дискутираше и беа донесени повеќе заклучоци во однос да биде изготвен Протокол за управување со официјалните социјални профили на Локалниот младински совет на ОГ- Инстаграм-профил и Фејсбук-профил. Исто така, да се разгледа можноста за проширување на соработката на ЛМС со институции и граѓански организации кои во својата работа ги вклучуваат и младите со Меморандум за соработка, врз основа на доставена листа со потенцијални соработници од Општина Гевгелија. Како и да се оствари комуникација со Националниот младински совет на Македонија во однос на соработка и приклучување на ЛМС кон него.

Откако беше исцрпена и последната точка од дневниот ред, претседателот ја затвори 5. седница на ЛМС.

Претседател
на Локален младински совет
. на ОГ,

бр. 08-1174/4
22.08.2023 г
Гевгелија

**Кристијан Алчинов**
с.р.

Записничар,
**Марија Јовановска**
с.р.

Членови на ЛМС на ОГ,

1. **Кристијан Алчинов с.р.**
2. **Тијана Ристовска с.р.**
3. **Марија Јовановска с.р.**
4. **Памела Петровска с.р.**
5. **Георги Петков с.р.**